

# ОТЧЕТ
## НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

јули 2009 – јули 2010



# *Почитувани,*

*Уште од првиот ден на моето доаѓање во Министерството за одбрана се обврзавме на работа базирана врз принципи на одговорност, чесност, посветеност и отчетност.*

*Бевме свесни дека има огромни очекувања. Очекувања за продолжување и подобрување на реформите. Очекувања за чесно и посветено работење. Очекувања за отчетност и домаќинско работење.*

*Денес, како и пред една година, излегуваме пред Вас со резиме за сработеното во последната година. Во оваа брошура се нотирани сите проекти, кои ги дефинираавме како приоритетни за 2009 и 2010 година. Проекти кои ги завршивме или пак се во фаза на реализација. Проекти кои се директно насочени кон припадниците на АРМ, вработените во Министерството за одбрана, кон граѓаните на Република Македонија.*

*Неможам да речам дека тоа е доволно, ниту пак дека сме успеале да ги решиме сите проблеми, со кои се соочуваме како Министерство за одбрана и Армија на Република Македонија. Но слободно можам да кажам дека решивме поголем дел од нив, многу повеќе отколку што во минатото за ист таков период се решавале.*

*Мотивот да се направи повеќе за Армијата на Република Македонија, беше повеќе од доволен предизвик на секој од нас. Затоа работевме. Затоа посветено пристапивме кон секој наш проект. Не се штедевме.*

*Резултатите од нашата работа се темелат на макотрпна и посветена работа. Затоа, и во овој момент сакам да изразам благодарност до сите мои соработници. Благодарност до вработените во Министерството и Армијата. Благодарност до сите, кои безрезервно се вклучија во проектите и активностите на Министерството за одбрана.*

*Резултатите од некои проекти се видливи уште оваа година, а некои резултати ќе бидат видливи по неколку години.*

*И во периодот кој следи ќе продолжиме да работиме посветено и чесно. Ќе продолжиме да работиме без да се штедиме себе си.*

*Министер за одбрана*
*Зоран КОЊАНОВСКИ*





# Отчет за периодот јули 2009 – јули 2010

- Со донесување на новиот Закон за Воена Академија се овозможи повторно функционирање на Воената Академија, на која во првата година се запишаа 35 питомци и 9 студенти.

- Беше извршена реконструкција и адаптација на два објекти на Воената Академија со вкупна корисна површина од околу 2.500 $m^2$, односно реконструирани и целосно опремени се: сместувачки капацитети за 45 питомци, 47 административни простории, 5 училници, 1 амфитеатар, 1 мултимедијална сала 1 теретана и неколку други помошни простории.

- Опремување со информатичка технологија на сите објекти на Воената Академија.

- Во рамките на Академијата, оваа година беа реализирани:
  – стручно оспособување и усовршување на 21 кандидат за офицери за службите во АРМ,
  – продолживме со претходно прекинатото школување на 10 офицери од IV вонредна класа на Командно-штабната академија,
  – за прв пат со 20 офицери од единиците на АРМ, успешно се реализираше и курс за командири на чети на родови и логистички специјалности во АРМ како и многубројни посети на странски претставници и делегации.

- Во рамките на јакнењето на Воената академија како национален и регионален капацитет, во периодот од 28.06 до 08.07.2010 година на Криволак се одржа првиот меѓународен „Летен кампус 2010“, на кој земаа учество питомци и старешини од повеќе држави во регионот, со професори од Воената академија и еминентни професори од САД, СР Германија и др.







АРМ мој вистински дом!

- Промовиран проектот “АРМ мој вистински дом”, со кој се предвидува изградба на станови за припадниците на АРМ, кои со свое учество и по повластени услови би ги имале становите во своја сопственост. Станови од овој вид би се изградиле во зависност од искажаните потреби на припадниците на АРМ во следните градови: Кичево, Тетово, Скопје, Куманово, Велес, Штип и Прилеп.
- Изработен е Правилник за станбено обезбедување на активниот воен и цивилен персонал на служба во АРМ со купување на стан во лична сопственост.
- Изработени се Нормативи за изградба на станови од проектот на Министерството за одбрана „АРМ мој вистински дом“.
- Избор на Идејно решение за изградба на станови по објавен конкурс по што следува оглас за избор на проектант.
- Извршена презентација на воздухопловниот ВИНГ на АРМ, на која беа презентирани резултатите од опремувањето и модернизацијата на вВИНГ на АРМ.
- Започнати подготвителни активности за проектот за воспоставување Школа за пилоти.
- Завршена првата фаза од развојниот проект за АП „Криволак“ и негово прераснување во Армиски регионален центар за обука.
- Изградени 12 нови содржини на армискиот полигон Криволак.
- Во соработка со министерството за животна средина и просторно планирање и Владата на Република Словенија, во финална фаза е изработката на елаборатот за загаденоста на армискиот полигон Криволак.









- Го воведовме Документ менаџмент системот со кој е извршено олеснување на комуникацијата и размената на информации во Министерството за одбрана и во Армијата на Република Македонија во едно информатичко окружување. Документ менаџмент системот е реализиран со сертифицираниот софтвер „Меридио“ кој се користи во владини институции од безбедносен карактер, НАСА, Армијата на САД, како и армиите на Швајцарија и Шведска и други влади и армии на земји што се и што не се членки на НАТО.

- Во соработка со нашите пријатели од САД започнавме со реализација на проектот за Логистичко информациски систем (ЛИС) и Глобално комуникациско информациски систем (ГКИС). Станува збор за исклучително капитален проект за Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија, кој подразбира инсталирање и современо интегрирано поврзување на 17 подсистеми, полигонот Криволак и оддалечени локации за комуникација со Армијата на Република Македонија, што е во насока на обезбедување дополнителна кохезија, контрола и подобра интероперабилност на командно-контролните, комуникациските и информациските функции. Согласно планот на реализација, проектот во висина од 5,7 милиони долари се очекува да биде финализиран до крајот на 2011 година.

- Потпишан договор со НР Кина за донација на компјутерска опрема во износ од 300 илјади евра.

- Со помош на Кралството Холандија е извршено опремување на сместувачките капацитети и кабинетите во Регионалниот Тренинг Центар за Комуникации, во висина од 60 илјади евра.

- Континуирана комуникација со дипломатскиот кор, одбранбените аташеа во Република Македонија, Буз Ален Хамилтон и НАТО Советодавниот тим.











- Започнат проект за церемонијална промена на државните знамиња пред Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија и Кабинетот на Претседателот на Република Македонија, во кој припадниците на Баталјонот за почести и опслужување и Воениот оркестар на АРМ, еднаш во месецот пред една институција, преку посебна церемонија, вршат промена на поставените државни знамиња.

- Започнат проект „Армијата до граѓаните“, во кој Воениот оркестар на АРМ започна со одржување на концерти во повеќе градови во Република Македонија. Беа одржани концерти на отворено, во Скопје, Куманово, Штип, Битола и Прилеп.

- Армијата на Република Македонија, согласно проектот на Владата на Република Македонија за чистење на реките и крајбрежјето на Преспанското Езеро, од  01.06.2010 година започна со чистење на крабрежниот појас на езерото. Во текот на акцијата целосно се исчистени и уредени плажите во Стење, Сливница, Д. Дупени и Претор. Паралелно со ова се исчистени и речните корита во овој регион а беа пробиени и неколку локални патишта.

- Армијата на Република Македонија и оваа година беше активно вклучена во акцијата Денот на дрвото

- Армијата на Република Македонија беше вклучена во активностите на координативното тело на Владата на Република Македонија за справување со последиците од поплавите.

- Интензивирана комуникација со здруженија на граѓани и НВО организации.

- Издадено е новото списание на Министерството за одбрана и АРМ, „Штит“.












- Од 1 јануари 2010 година беше извршена трансформацијата на Воената Болница и беа формирани Военомедицински центар и Градска општа болница “8-ми септември”.

- Новоформираниот Военомедицински центар претставува ефикасна воеnоздравствена единица, оспособена да ја извршува својата мисија во АРМ за: превентивномедицинска заштита, примарна здравствена заштита, елементи на специјалистичка здравствена заштита, медицинска обука, формирање на Role-2 Полска болница, како и обука на медицинскиот кадар за мисиите ALTHEA и ISAF.

- Свечено беше пуштен во употреба Центарот за медицинска обука во кој беше извршената реконструкција на просториите со финансиска поддршка на Швајцарија, Норвешка и Холандија, во висина од 85.000 евра.

- Започнати активности за развивање на Концептот на Активен резервен состав на медицински кадар, заедно со Министерството за здравство.

- Започнат проект за реконструкција на објектот наменет за Командата на ВМЦ и Центарот за специјалистичко-консултативна дејност.

- Започнати активности за промоција на Военомедицинскиот центар во регионален центар.

- Беа продолжени и интензивирани активностите од програмата ЛЕПЕЗА.









- Изработена и донесена е „Стратегија за одбрана на Република Македонија“.
- Изработен е нов Закон за служба во АРМ.
- Започнат е проектот Активна резерва, според кој професионалните војници по навршување на законски предвидената старосна граница од 38 години, би биле ангажирани како активна резерва за што во наредните 10 години би добивале надомест од околу 6.000 денари, месечно, а претходно би имале можност за едногодишна преквалификација и доквалификација на сметка на Министерството за одбрана.
- Изработена е нова систематизација во Министерството за одбрана.
- Изработена е нова структура на силите на АРМ.
- Подигнат споменик во дворот на МО и ГШ во знак на почит и спомен кон загинатите припадници на АРМ од 2001 година.
- Потпишан Меморандум за соработка помеѓу Министерството за одбрана и Црвениот крст на Република Македонија.
- Започнат проект за Воен Музеј на Република Македонија. Ставени во функција: изложбен простор на внатрешна експозиција, приемно депо за сместување на вредни експонати, просторија за документација и архива и административни простории.
- Во тек на реализација е музејска поставка на отворено под тврдината Кале, како составен дел на Воениот Музеј.
- Започнат проект со Република Турција за издавање на заедничка публикација турско-македонските односи низ историјата.











- Во рамките на проектот на Владата на Република Македонија беа промовирани нови 20 наслови преведени на македонски јазик во делот на безбедносните, одбранбено-мировните и воените науки, од кои учат студентите на 10-те најреномирани универзитети во САД.
- Потпишан Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за одбрана и државниот колеџ Индијан Ривер од Форд Пирс – Флорида, САД.
- Потпишан Меморандум за соработка помеѓу Министерството за одбрана и Универзитетот ФОН.
- Потпишан Меморандум за соработка во областа на одбраната помеѓу Република Македонија и Шпанија.
- Потпишан Меморандум за соработка во областа на одбраната помеѓу Република Македонија и Косово.
- Потпишана Спогодба за соработка во областа на одбраната помеѓу Република Македонија и Република Полска.
- Потпишана Спогодба меѓу Владите на Република Македонија и Република Франција за размена и заемна заштита на класифицирани информации.
- Потпишана Спогодба за соработка во областа на одбраната помеѓу Република Македонија и Република Хрватска.
- Потпишана Спогодба за соработка во областа на одбраната помеѓу Република Македонија и Црна Гора, и договорена обука на пилоти на АРМ во Црна Гора и едукација на питомци од Црна Гора на Воената академија во Република Македонија.
- Потпишан Меморандум за разбирање и соработка во областа на одбраната помеѓу Република Македонија и Данска.
- Потпишан Меморандум за техничко разбирање со Централната команда на вооружените Сили на САД (USCENTCOM).











Република Македонија во периодот јули 2009 – јули 2010 година, согласно своите стратегиски определби за поддршка на мирот и борбата против глобалниот тероризам продолжи со активно учество во три меѓународни операции и тоа во операцијата ИСАФ - Авганистан предводена од НАТО, операцијата АЛТЕА - Босна и Херцеговина предводена од Европската унија и операцијата УНИФИЛ – Либан предводена од ОН. Во наведениот период Република Македонија учествуваше со вкупно 431 лице во две ротации или со околу 6% од вкупните копнени сили на АРМ.

Во периодот во јули 2009 – јули 2010 година во мисијата ИСАФ во Авганистан се извршија две ротации на пешадиска чета со вкупно 298 лица, две ротации на штабни офицери со вкупно 4 припадника, две ротации на воен полицаец на аеродромот во Кабул со вкупно 2 лица две ротации на ОМЛТ тимовите вкупно 10 лица и две ротации на медицинскиот хируршки тим со вкупно 12 лица.

Во април 2010 година, согласно билатералниот договорот помеѓу Република Македонија и сојузната држава Вермонт, САД, а во духот на Лондонската конференција за генерирање на силите одржана во јануари 2010 година, Република Македонија испрати уште еден контигент составен од 79 припадници на АРМ, во состав на мисијата ФЕНИКС.

Во мисијата АЛТЕА предводена од европската унија во наведениот период учествуваа 24 лица, во две ротации.

Во мисијата УНИФИЛ во Либан предводена од ОН, Република Македонија во наведениот период учествуваше со еден штабен офицер во оперативната команда на мисијата сместен во Нагора. Ротацијата на овој штабен офицер е на 1 година.









- Успешно го продолживме процесот на дивестирање на караулите кои не се во функција на Армијата на Република Македонија. Изминатиот период беа отстапени караули на општините Пехчево, Ранковце, Крива Паланка, Куманово а 4 караули беа издадени под закуп на здруженија на граѓани.

- Во рамките на проектот Старите касарни за нов развој – Владата за граѓаните, во општините Струмица, Битола, Охрид, Гевгелија, Дојран, Дебар како и во градот Скопје, односно општините Аеродром и Карпош, во функција на локалниот економски развој се ставени целокупните површини на касарните или нивни делови.

- Водени од потребата да излеземе во пресрет на барањата на општините за атрактивно градежно земјиште, процес на дивестирање на дел од имотот на касарните започнавме и во општините Велес, Кичево, Тетово, Радовиш, Делчево и Куманово.

- Завршена е постапката за излагање на повеќе од 90% од имотот на Министерството за одбрана.

- Во организација на Министерството за одбрана на Република Македонија, во соработка со копретседавачите, Министерството за одбрана на Република Словенија и Министерството за одбрана на САД, се одржа 10-та Клирингхаус–конференција за Југоисточна Европа (SEE Clearinghouse).

- Организиран Прв Форум на подофицерскиот кор на армиите од Централна и Југоисточна Европа.

- Организирана е меѓународната вежба “Светлина 10”.

- Реализирани обуки и школувања на персоналот на МО и АРМ во странство и во РМ во соработка со странските партнери.









- Завршена реконструкција на Командна зграда и станбен објект во комплекс Еребино.
- Завршена реконструкција на електрични инсталации во касарна Илинден.
- Завршена санација на покривна конструкција во регрутен центар-Скопје.
- Завршена реконструкција на наменски објекти за потребите на родовите и службите во АРМ и МО, во касарна Страшо Пинџур во Петровец.
- Изработка на техничка документација за голем број на градежни работи кои се планирани за во нареден период.
- Во тек е реконструкција на 2 објекти во касарна во Чеде Филиповски Даме, во Кичево.
- Во тек е реконструкција на готварско-технички блок во касарна Алексо Демниевски Бауман, во Велес.
- Во тек е реализацијата на проектот Св. Наум.
- Во почетна фаза е проектот за реконструкција и адаптација на објекти и инсталации во касарна во Прилеп.
- Започнати подготовки за реновирање на објектот на поранешната караула „Попова Шапка“.
- Започнати активности за реализација на проектот Регионален центар за обука во зимски услови, на Попава Шапка.
- Одржани трибини „НАТО и Република Македонија на патот кон НАТО“ на Универзитетот ФОН и „Придонес на Република Македонија кон глобалната безбедност и светскиот мир“ на Воената Академија.








Regional Conference

- Остварени средби со генералниот секретар на НАТО, Андерс Фог Расмусен и со високи претставници на НАТО Алијансата.
- Остварени средби со министрите на Шпанија, Србија, Црна Гора, Бугарија, Хрватска, Турција, Словенија, Косово, Израел, Обединето Кралство, заменик претседавачот на Централната Воена Комисија на НР Кина и други.
- Учество на претставници од Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија на бројни меѓународни конференции и совети, како и остварени бројни средби на ниво на делегации со држави челнки на НАТО и ЕУ.
- Реализирани повеќе од 50 билатерални консултации / штабни разговори и експертски средби.
- Организирана Регионална конференција за „НАТО интеграциите на земјите од ЈИЕ“ во Битола, на која присутвуваа министрите за одбрана на Република Македонија, Република Турција, Република Словенија, Република Хрватска, Република Албанија како и заменици министри на БиХ и Црна Гора, делегација од Република Србија, бројни делегации од НАТО и други држави како и дипломатскиот и одбранбениот кор во Република Македонија.
- Реализирано учество на вежбовни активности на билатерална основа во Романија – 2010 Black Sea Rotational Force, на која учество зедоа 100 припадници на АРМ, логистички вежби – LOGEX 09 и Joint Logistic, медицинска вежба – Cold response 10 и други.
- Реализирано учество на вежбовни активности во НАТО контекст: „Medceur 09“, „Combined Endeavour 09“, „Jackel Stone 10“, „Steadfast Juncture 10“, „Steadfast Move 10“.










РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

Министерство за одбрана на Република Македонија

јули 2010